## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 септември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по 14-та седница на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 35. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 19 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Процедурално има побарано господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Би сакал да го искористам моето процедурално право и да го кажам ставот на пратеничката група на СДСМ по однос на овој закон.

Нашата пратеничка група нема да го поддржи донесувањето на овој закон, бидејќи сметаме дека е противуставен и навлегува во повредата на основните човекови права. Сметаме дека под закрилата за борба против корупцијата и организираниот криминал длабоко се навлагува во правата и слободата на граѓаните и со предложениот закон се надминува она што е дозволено со Уставот.

Сметаме дека со еден ваков закон постои опасност Република Македонија од правна да се претвори во полициска држава и во значителна мера да се ограничат слободите на граѓаните.

Од тие причини нашата пратеничка група нема да го поддржи овој закон и ќе гласа против.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предлогот на законот вкупно гласаа 96 пратеници, од нив за гласаа 81 пратеник, не се воздржа никој, против гласаа 15 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите.

**Минуваме на точка 36. - Предлог на закон за изменување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Го повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За процедурално е јавена госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван господине заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Сакам да укажам на една недоследност во процедурата на носење на овој закон за знамето, грбот и химната на Република Македонија.

Сметам дека постои одредена неусогласеност во процедурата, затоа што имаме колизија помеѓу одредбите што се предвидени за нивно носење во Законот за комитетот за односи меѓу заедниците, поточно во членот 11 точка 2 и во Уставот на Република Македонија членот 5. Имено, во Законот за Комитетот за заедниците е предвидено овие закони да се носат со 2/3 мнозинство плус со Бадинтерово мнозинство, додека во Уставот на Република Македонија во точка 5 стои изричито дека грбот, знамето и химната на Република Македонија се утврдуваат со закон кој се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Според моето скромно толкување сметам дека уставната одредба е повисока од било која законска одредба и дека законската одредба би требало да се прилагоди и да се подреди на уставната, така што верувам дека во некоја следна прилика ќе треба оваа грешка во Законот да се исправи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Вашиот предлог во што се состои. Јас не видов предлог од ваша страна.

**Лилјана Поповска:** Повикувам да се почитува Уставот и да се гласа според она што во Уставот стои. Јас ја разбирам вашата ситуација и позиција сега кога имате двојство. Според законот за Комитетот за односи меѓу заедниците вие сте должни да го почитувате тој закон каде што се предвидува и Бадентерово мнозинство, така што грешката е направена при носењето на Законот на што јас укажувам и тогаш и тој закон токму од таа причина не го имам гласано. Но, во прва прилика веројатно ќе треба да се поправи таа одредба во Законот. Доколку не постои сега политичка волја, тогаш во прва прилика да се измени законот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Не може реплика на процедурално.Не може и од ваша страна процедурално, туку само координаторот и заменикот координатор.

Процедурално е јавен господин Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседател.

Внимателно ја слушав колешката поповска во насока на образложението или пак нејзиното квази образложение за нејзините политички ставови без да се консултира со Уставот на Република Македонија, посебно со амандманот 10, каде меѓу другото, јас сега ќе го прочитам на македонски јазик: “кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија”.

Со ова сакам да констатирам дека сите овие процедурални забелешки од ваша страна и забелешките од страна на претседателот на Собранието мислам дека се во ред, меѓутоа тенденциите и лошите намери треба да се отстранат без оглед од кој пратеник доаѓаат затоа што во конкретниот случај до колку се даде некој став или мислење за некој закон добро е претходно да се прочита и консултира Уставот на Република Македонија, а во конкретниот случај и амандманот 10 затоа што истиот говори за грбот, знамето и химната на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Продолжуваме понатаму.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 93 пратеници.

Сите 93 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Бидејки дневниот ред е исцрпен констатирам дека 14-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши во 14,47 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,11 часот)

**Трајко Вељаноски:** Ве молам за тишина.

Пред да продолжиме со осумнаесеттата седница, со оглед на тоа дека од страна на координаторот на пратеничката група на ДУИ имаше процедурално по однос на четрнаесетата седница по 36-та точка и со оглед на тоа дека изрази од негова страна несогласност во однос по начинот на гласање по Законот за изменување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија. Согласно неговото барање, на господинот Тахир Хани повторно би му дал процедурално за да го образложи тоа и да можеме да продолжиме.

Значи се враќаме на четрнаесетата седница на Собранието на Република Македонија, на точка 36.

Повелете господине Хани.

**Тахир Хани:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас сакам да направам процедурална забелешка по однос на гласањето за Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Мојата забелешка е во однос на почитувањето на амандманот 10 од Уставот на Република Македонија во кој амандман на точен и јасен начин е нагласено дека сите закони кои директно ги засегаат (ќе го прочитам на македонскиот јазик), значи кои директно ги засегаат, културата, употребата на јазициите, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Тоа значи во амандманот 10 од Уставот на Република Македонија е нагласено децидно дека закон кој се носи со Бадентер и за употреба на тој закон треба да се донесе со Бадентер. Мислам дека во оваа насока треба да го има предвид и Комитетот за односи меѓу заедниците со што ќе се одржи седница на овој Комитет. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа дека има спор во врска со примената на одредбата дали да се гласа овој закон со Бадинтер, согласно член 11, спорот во врска со примената на одредбата спорот го решава Комитетот за односи меѓу заедниците.

Со оглед на тоа ја прекинувам четрнаесетата седница по точка 36-та, сега во 15,20 и ќе продолжиме во 16,00 часот. За тоа време било пожелно Комитетот да заседава и да одлучи во врска со применета на оваа одредба.

Значи ја прекинувам седницата и продолжуваме во 16,00 часот, а Комитетот за односи меѓу заедниците да одржи седница во врска со применета на оваа одредба. Благодарам.

(Пауза до 16, часот)

(По паузата продолжи со работа во 16,41 часот)

Продолжуваме со работа.

Мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците, ви е поделена.

Согласно ставот на Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот н а законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеници, за предлогот на законот гласаа сите 71 пратеник, воздржани и против нема.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се изнесат по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

На седницата присутвуваат 19 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. од нив за Предлогот на законот гласаа сите 19 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека четрнаесетата седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седница заврши во 16,43 часот)